# УПАТСТВО ЗА ВИТАМИНСКИ И МИНЕРАЛНИ ДОДАТОЦИ НА ИСХРАНАТА CAC/GL-55-2005

## ПРЕАМБУЛА

Повеќето луѓе кои имаат пристап до балансирана исхрана вообичаено може да ги добијат сите нутриенси што им се потребни од нивната нормална исхрана. Бидејќи храната содржи многу супстанции кои го подобруваат здравјето, луѓето треба да се охрабрат да изберат урамнотежена исхрана пред да размислат за какви било витамински и минерални додатоци. Витаминските и минералните додатоци на исхраната служат за дополнување на нормалната исхрана во случаи кога внесот од исхраната е недоволен или кога потрошувачите сметаат дека нивната исхрана бара дополнување.

## 1. 1. ОПСЕГ

1.1 Ова упатство се однесува на витамински и минерални додатоци на исхраната наменети за употреба како дополнување на нормалната исхрана со витамини и/или минерали.

1.2 Додатоците на исхраната кои содржат витамини и/или минерали, како и други состојки, исто така треба да бидат во согласност со посебните барања за витамини и минерали утврдени во ова упатство.

1.3 Ова упатство се применува само доколку производите дефинирани во точка 2.1 се регулирани со прописите за храна.

1.4 Храната за посебна нутритивна намена, како што е дефинирано во Општиот стандард за означување на однапред спакуваната храна за посебна исхрана и тврдењата во однос на таквата храна (CODEX STAN 146-1985) не е опфатена со ова упатство.

## 2. ДЕФИНИЦИИ

2.1 За целите на ова упатство витаминските и минералните додатоци на исхраната ја добиваат нутритивната релевантност првенствено од минералите и/или витамините што ги содржат. Витаминските и минералните додатоци во исхраната се концентрирани извори на нутриенси сами по себе или во комбинација, пуштени во промет во форми на капсули, таблети, прашоци, раствори, итн. дизајнирани да се употребуваат во мали мерливи единечни количини[1], но не се во конвенционална форма на храна и чија цел е дополнување на внесот на витамини и/или минерали од нормалната исхрана.

## 3. СОСТАВ

### 3.1 ИЗБОР НА ВИТАМИНИ И МИНЕРАЛИ

3.1.1 Витаминските и минералните додатоци на исхраната треба да содржат витамини/провитамини и минерали чија нутритивна вредност за луѓето е докажана со научни податоци и чиј статус како витамини и минерали е признат од страна на ФАО и СЗО.

3.1.2 Изворите на витамини и минерали може да бидат природни или синтетички и при нивната селекција предвид се земаат безбедноста и биорасположливоста. Покрај тоа, критериумите за чистота треба да ги земат предвид стандардите на ФАО/СЗО, или ако истите не се достапни, меѓународните фармакопеи или други меѓународно признати стандарди. Во отсуство на критериуми од овие извори, може да се користи националното законодавство.

3.1.3 Витаминските и минералните додатоци на исхраната може да ги содржат сите витамини и минерали кои се во согласност со критериумите наведени во 3.1.1, еден витамин и/или минерал или соодветна комбинација на витамини и/или минерали.

[1] Ова се однесува на физичките форми на витаминските и минералните додатоци на исхраната, а не на моќта на додатоците.

### 3.2 Содржина на витамини и минерали

3.2.1 Минималното ниво на секој витамин и/или минерал содржан во витамински и минерален додаток на исхраната сметано на дневна порција од храната како што е препорачано од страна на производителот треба да биде 15% од препорачаната дневна доза утврдена од страна на ФАО/СЗО.

3.2.2 За утврдување на максималните количини на витамини и минерали во витаминските и минералните додатоци на исхраната сметано на дневна порција од храната препорачана за консумирање од страна на производителот, предвид се земаат следните критериуми:

(a) безбедните горни нивоа на витамини и минерали утврдени со научна проценка на ризикот врз основа на општо прифатени научни податоци, земајќи ги предвид, како што е соодветно, различните степени на чувствителност на различни групи на потрошувачи;

(b) дневниот внес на витамини и минерали од други диететски извори.

Кога ќе се утврдат максималните нивоа, соодветно може да се земат предвид референтните вредности за дневниот внес на витамини и минерали на населението. Оваа одредба не треба да доведе до утврдување на максимални нивоа кои се засноваат единствено на препорачаниот внес на нутриенси (на пр. вредности на референтните дози за внес на населението или препорачаните дневни дози).

**4.** ПАКУВАЊЕ

4.1 Производот треба да се пакува во амбалажа којашто го гарантира хигиенскиот и другите квалитети на храната.

4.2 Амбалажата, вклучувајќи го и материјалот за пакување, треба да бидат направени само од супстанции кои се безбедни и погодни за нивната намена. Кога Комисијата на Кодекс алиментариус има воспоставено стандард за одредена супстанција што се користи како материјал за пакување, ќе се применува тој стандард.

## 5. ОЗНАЧУВАЊЕ

5.1 Витаминските и минералните додатоци на исхраната треба да бидат означени во согласност со Кодекс стандардот за означување на претходно спакувана храна (Codex-Stan 1-1985, Rev. 1-1991), како и според Општото упатство за тврдења (CAC/GL 1-1979).

5.2 Името на производот ќе биде „додаток на исхрана“со наведување на категоријата (иите) на нутриенси или на поединечниот витамин (и) и/или минерал (и) содржани во производот, во зависност од случајот.

5.3 Количеството на витамините и минералите присутни во производот треба да биде означено во нумеричка форма. Единиците што треба да се користат треба да бидат единици за тежина во согласност со Кодекс упатството за означување на нутритивниот состав (CAC/GL 2-1985 Rev.1-1993).

5.4 Декларираното количество на витамините и минералите треба да се однесува за порција од производот препорачана за дневна консумација, а доколку се разликува, може да се додаде и количината по единица за еднократна употреба.

5.5 Информациите за витамини и минерали, исто така, треба да се изразат како процент од споменатите референтни вредности на хранливи материи, во зависност од случајот, согласно Кодекс упатството за означување на нутритивниот состав.

5.6 Означувањето треба да содржи информација за начинот на користење на производот (количина, фреквенција, посебни услови).

5.7 Означувањето треба да содржи предупредување да не се надминува препорачаната дневна доза.

5.8 Означувањето треба да содржи изјава дека додатоците не треба да се користат како замена на оброци или разновидна исхрана.

5.9 Означувањето треба да содржи изјава дека производот треба да се чува надвор од дофат на деца.